Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 38, 15 април 2010 година

април 2010 година
Штип

С О Д Р Ж И Н А

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во звање асистент за наставно-научната област информациони системи на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во звање асистент за наставно-научната област информациони системи на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 6

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во звање доцент за наставно-научната област информатика на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........11

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во звање асистент за наставно-научната област информатички технологии на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........16

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во звање асистент за наставно-научната област информатички технологии на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип........ 20

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во звање предавач (специјалист) за наставната област оториноларингологија на студиската програма на Високата здраствена школа при Факултетот за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........23

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент (специјалист) за научната област урологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........26

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Училишна педагогија и училишна организација (избрани поглавија)“ од доц. д-р Соња Петровска, Педагошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........28

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Борис Крстев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА СОРАБОТНИК ВО ЗВАЊЕ АСИСТЕНТ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ИНФОРМАЦИОНИ СИСТЕМИ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ИНФОРМАТИКА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 2002-34/14 од 22.2.2010, донесена на седницата на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатика при Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип, одржана на 22.2.2010 год., определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на соработник (во звање асистент) за наставно-научната област ***информациони системи*** на Факултетот за информатика при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во дневниот весник „Дневник“, на 4.2.2010 г., и во предвидениот рок се пријавија кандидатите: **Александар Симеонов, Васил Панајотов, Александар Крстев и Марјан Џидров.**

По извршениот увид на пристигнатите пријави на гореспоменатиот Конкурс, Комисијата до Наставно-научниот совет го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

Според елементарните податоци за пријавените кандидати, а имајќи го предвид членот 130 од Законот за високото образование, може да се констатира следново: кандидатите Александар Симеонов и Васил Панајотов не ги исполнуваат законски пропишаните услови за избор во соработничко звање асистент (немаат научен степен магистер). Поради тоа, овие кандидати нема да бидат евалуирани, додека останатите кандидати ги исполнуваат условите за избор во соработничко звање во наставно-научната област *информациони системи*, секако врз основа на податоците од пристигнатите пријави.

Во продолжение на овој извештај ќе биде евалуиран кандидатот **м-р Марјан Џидров**.

***Биографски податоци***

Кандидатот **м-р Марјан Џидров** е роден на 4 септември 1983 г. во Штип, Р. Македонија. Основното и средното образование – гимназија (природно-математичка насока) завршува во Штип. Високо образование завршува во 2007 г., кога дипломира на Машинскиот факултет во Скопје, како првенец на генерацијата со просек 10 и се здобива со титула **дипломиран машински инженер**. Како првенец на генерацијата се здобива со признание од деканот на Машински факултет и ректорот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” – Скопје. Во 2007 г. се запишува на постдипломски студии на Машинскиот факултет во Скопје, кои успешно ги завршува во ноември 2009 г. со просечен успех 10.

Во 2009 г. Инженерската институција на Македонија, под покровителство на Претседателот на Република Македонија, му го доделува големото признание „Инженерски прстен” за 2009 г.

Кандидатот е државјанин на Република Македонија и има доставено потврда за добро познавање на пишаниот и говорниот англиски јазик.

Од јануари 2006 до февруари 2007 г. е ангажиран како демонстратор на Машинскиот факултет во Скопје. Од јуни 2007 г. со Одлука на Матичната комисија е избран за помлад асистент на Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип, на Факултетот за информатика, каде работи сè до денес.

***Наставно-образовна дејност***

Од јануари 2006 до февруари 2007 г. е ангажиран како демонстратор на Машинскиот факултет во Скопје. Од јуни 2007 г. со Одлука на Матичната комисија е избран за помлад асистент на Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип, на Факултетот за информатика, каде работи сè до денес. Во рамките на наставно-педагошките задолженија, м-р Марјан Џидров активно е вклучен во одржувањето на аудиториските и лабораториските вежби на Факултетот за информатика во Штип и на дисперзираните студии во Струмица, како и на Факултетот за природни и технички науки во Штип по следниве предмети: Интернет технологии, Е-општество, Менаџмент на информациони системи, Информатика 1 и 2, Биостатика со информатика, Развој на нови производи, Нови материјали 1 и 2, Производен менаџмент, Индустриски менаџмент.

***Објавени научни и стручни трудови***

1. Marjan Dzidrov, Radmil Polenakovik, “*Key factors for managing turnaround in the Macedonian enterprises*”, Mechanical Engineering - Scientific Journal, Vol. 28 No. 2, 2009, Faculty of Mechanical Engineering “Ss. Cyril and Methodius” University, Skopje, R.Macedonia.
2. Marjan Dzidrov, Radmil Polenakovik “*Turnaround management*” as a tool for handling crises, International scientific symposium “How to manage in Time of Crises” 4th – 5th December 2009, Faculty of Economics, University in Tuzla, Bosnia and Herzegovina.
3. Marjan Dzidrov, *The process of turnaround management in Macedonian enterprise*, International scientific congress of tourism and management “The challenges and perspectives of the Tourism and Management”, 26th – 27th September 2009, University of Tourism and Management –Skopje, Macedonia.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на доставената документација, објавените научни и стручни трудови, како и ангажираноста во реализацијата на наставата, Комисијата заклучи дека кандидатот м-р Марјан Џидров ги исполнува сите законски критериуми за избор во асистент на Факултетот за информатика при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Рецензентската комисија има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатика при Универзитетот „Гоце Делчев“ **кандидатот м-р Марјан Џидров да се избере во звање асистент за наставно-научната област *информациони системи* на Факултетот за информатика.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Доц. д-р Наташа Коцеска - претседател, с.р.**
**Доц. д-р Сашо Коцески - член, с.р.**
**Вонр. проф. д-р Цвета Мартиновска - член, с.р.**

## П Р И Л О Г

**Табела за вреднување на активностите на м-р Марјан Џидров, според критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип**

| Вид на активност | Поени | | Вкупно |
|---|---|---|---|
| | во земјава | во странство | |
| **I. Наставно-образовна дејност (НО)** | | | |
| Вежби (неделен просечен фонд на часови во двата семестра во изборниот период) | 10 | | 10 |
| **Вкупно** | 10 | | |
| **II. Научноистражувачка активност (НИ)** | | | |
| Одбранета магистерска теза | 4 | | 4 |
| **Вкупно** | 4 | | |
| **III. Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | | | |
| Труд објавен во стручно (научно-популарно) списание | 2 | | 2 |
| Труд објавен во зборник од трудови на стручен собир | | 2*3 | 6 |
| Стручни награди и признанија | 2*4 | | 8 |
| **Вкупно** | **16** | | |
| **ВКУПНО (I+II+III)** | **30** | | |